**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД**

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>22.07.2021 год.<br>БРОЈ 7 ГОДИНА 56 |
|---|---|

**С О Д Р Ж И Н А**

| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за долгорочно задолжување на општина Охрид | 2 |
| 2. | Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на работното време на вработените во јавната општинска установа за деца – детска градинка „Јасна Ристеска“ – Охрид. | 4 |
| 3. | Одлука за формирање групи во ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ – Охрид, со помал односно поголем број деца од законски утврдениот број. | 5 |
| 4. | Одлука за давање согласност на одлуката за пренамена на финансискиот план на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ – Охрид за периодот од 2021 година. | 6 |
| 5. | Одлука за давање согласност на измените на годишниот план за вработување на ООУ„Григор Прличев“ – Охрид за 2021 година. | 7 |
| 6. | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ„Григор Прличев“ – Охрид за 2022 година | 8 |
| 7. | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште бр.08-4086/68 од 28.04.2021 година. | 9 |
| 8. | Одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар – Охрид | 10 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за долгорочно задолжување на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), член 20 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) и Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 137/06, 88/08, 35/11, 139/14, 98/19 и 151/21), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** Општина Охрид да спроведе постапка за долгорочно задолжување во висина од **295.000.000,оо денари** со намена на средствата за исплата на преземени обврски.

**Член 2**

При долгорочно задолжување, вкупната годишна отплата на долгот (главнина, камата и други трошоци) направен врз основа на долгорочно задолжување и долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Северна Македонија, не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во предходната фискална година.

**Член 3**

Со оваа Одлука се утврдуваат условите за избор на најповолна понуда. Како услови за избор ќе бидат:

-Грејс период до 2 (две) години,

-Рок за отплата не помал од 10 (десет) години со вклучен грејс период,

-Каматна стапка не повисока од 5% и
-Инструмент за обезбедување (гаранција) - меница со менична изјава.

**Член 4**

При набавката на средствата утврдени во член 1 од оваа Одлука да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 5**

Со оваа Одлука се одобрува Градоначалникот на општина Охрид да ги превземе сите дејствија за спроведување на одлуката.

**Член 6**

Се задолжува Градоначалникот по спроведената постапка за избор на деловна банка, до Советот на општина Охрид да достави Извештај за условите, начинот и динамиката на исплата на задолжувањето. Исто така се задолжува Градоначалникот да достави Извештај до Советот на општина Охрид за исплатените средства стекнати по основ на ова задолжување кон доверителите спрема кои општината има обврски.

**Член 7**

Составен дел на оваа одлука е физибилити анализата и Записник од одржаната јавна расправа.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/3**
**22.07.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на работното време на вработените во јавната општинска установа за деца – детска градинка „Јасна Ристеска“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/12**
**22.07.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 67 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/2014, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/2019, 275/2019 I 311/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на работното време на вработените во Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Јасна Ристеска“ - Охрид, донесена од Управниот одбор бр. 02-351/3 од 25.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/4**
**22.07.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ГРУПИ ВО ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД, СО ПОМАЛ ОДНОСНО ПОГОЛЕМ БРОЈ ДЕЦА ОД ЗАКОНСКИ УТВРДЕНИОТ БРОЈ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање групи во ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ – Охрид, со помал односно поголем број деца од законски утврдениот број, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/13**
**22.07.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/2014, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/2019, 275/2019 I 311/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ГРУПИ ВО ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“- ОХРИД, СО ПОМАЛ ОДНОСНО ПОГОЛЕМ БРОЈ ДЕЦА ОД ЗАКОНСКИ УТВРДЕНИОТ БРОЈ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање групи во ЈОУДГ„Јасна Ристеска“- Охрид, со помал односно поголем број деца од законски утврдениот број и тоа:

1.**ХОМОГЕНИ ГРУПИ**

- група до 12 месеци над 8 деца
- група од 12 месеци до 18 месеци над 10 деца
- група од 18-месеци до 2(две) години над 12 деца
- група од 2-3 години над 15 деца
- група од 3-4 години над 18 деца
- група од 4-5 деца над 20 деца
- Група од 5-6 деца над 25 деца,

**2. ХЕТЕРОГЕНА ГРУПА**

- група до 2 години над 12 деца
- група до 2 години до поагање во основно училиште над 20 деца
- група на деца од 6 години односно од поагање во основно училиште до 10 години над 30 деца.

Во зависност од возраста на децата може да се вклучи едно дете со развојни потешкотии.во кој случај бројот на деца се намалува за две деца во групата.

Во сите групи во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“-Охрид има зголемен број на деца според стандардите и нормативите за вршење на дејност број на деца во секоја група треба да се зголеми во реални можности според критериумите и капацитетот на обејктот, и според потребата на родителите.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНАМЕНА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за пренамена на финансискиот план на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ – Охрид за периодот од 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 67 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/2014, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/2019, 275/2019 I 311/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНАМЕНА НА ФИНАСИСКИОТ ПЛАН НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за пренамена на финасискиот план на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Јасна Ристеска“ – Охрид за периодот од 2021 година, донесена од Управниот одбор бр.02-351/2 од 25.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНИТЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ООУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ – ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на измените на годишниот план за вработување на ООУ„Григор Прличев“ – Охрид за 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 84 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/2020), член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.Весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18,143/19 и 14/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНИТЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ООУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на измените на годишниот план за вработување на ООУ„Григор Прличев“ - Охрид за 2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ООУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ – ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ„Григор Прличев“ – Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 84 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/2020), член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.Весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ООУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ„Григор Прличев“ - Охрид за 2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ БР.08-4086/68 ОД 28.04.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште бр.08-4086/68 од 28.04.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 7, 26 и 27 од Законот за експропријација („Сл.весник на РМ“ бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016 и 178/2016), член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ БР.08-4086/68 ОД 28.04.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште донесена од Советот на општина Охрид бр.08-4086/68 од 28.04.2021 година, така што во насловот на одлуката, членот 1 и членот 2 од одлуката наместо зборот „КП.бр. 2418“ треба да стои зборот **„КП.бр. 2418/4“.**

**Член 2**

Членот 3 од Одлуката се менува и гласи:

**„Надоместокот за експропријација и експропријацијата ќе се спроведува со замена на земјиште на дел од КП.бр. 2418/5 КО Коњско и КП.бр. 6289 КО Охрид 4“.**

**Член 3**

Се врши дополнување на членот 5 од Одлуката, така што на крајот од реченицата се додаваат зборовите:

**„и Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени бр.0801-132/20-3 од 14.12.2020 г. од Топо Геодет Охрид“.**

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР И СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.07.2021 година.

**Број 09-7251/18** **ОПШТИНА ОХРИД**
**22.07.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески ,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 10, како и член 114 и 115 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.Весник на РМ“ бр.10/20), како и Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт, Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 22.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР И СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид, отстапува на времено користење дел од простор на кој општина Охрид има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна„ во Охрид, запишан во ИЛ бр. 95189 КО Охрид 2, добиен на трајно користење со Одлука на Владата бр. 44-7650/3 од 25.09.2018 година. Просторот е опишан како објект бр. 2 намена на зграда (В1), влез 1 кат 1.

Дел од просторот се отстапува за потребите на Младинскиот центар на општина Охрид. За оваа намена се отстапуваат следните простории: бр. 2 – 13,8 м2, бр. 3 – 33,5 м2, бр. 4 – 74,85 м2, бр. 5- 56,84 м2, бр. 6 – 29,07 м2 и бр. 7 – 13,24 м2. Вкупно за младински центар се отстапуваат 221,30 м2.

Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три) години.

**Член 2**

Младинскиот центар е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други апекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

**Член 3**

Надоместокот за режиски трошоци (струја, вода, греење) како и телефон и интернет за функционирање на Младинскиот центар се на товар на општина Охрид.

**Член 4**

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината.
Исплатата на финансиските средства ќе се врши врз основа на доставена годишна програма за работа на Младинскиот центар.

**Член 5**

Висината на финансиските средства кои треба да бидат обезбедени од Буџетот на општина Охрид треба да бидат во процентуална вредност од 50 до 70% од потребните средства за реализација на поднесената програма за работа на Младинскиот центар Охрид, **но не повеќе од 200.000,00 денари, годишно**.

**Член 6**

Општина Охрид преку Јавен повик кој ќе биде објавен на веб страната на општината и во средствата за јавно информирање, на транспарентен начин ќе изврши избор на младинска организација или организација за млади регистрирана во регистарот на младински организации и организации за млади кој го води Агенцијата за млади и спорт, која ќе раководи и управува со Младинскиот центар Охрид за период од 3 години.

**Член 7**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да донесе Правилник во кој детално ќе ги утврди условите и критериумите за избор на младинска организација која ќе управува со Младинскиот центар, да објави јавен повик, да формира комисија која ќе изврши евалуација на пристигнатите понуди и која ќе му даде предлог за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар.

**Член 8**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7251/10**
**22.07.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска ,с.р.**